| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Оделение за урбанизам-Општина Неготино |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Неготино |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект |
| Контакт податоци за лицето | Емилија Лелифановска<br>078 578 974 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Донесувањето на Планскиот документ произлегува од Развојните стратегии за Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино, произлегуваат од ГУП за град Неготино, 2016 - 2026 год, Одлука бр. 08-562/3 од 06.11.2020, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврска за планирање на просторот. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Планскиот опфат не е третиран со друга урбанистичка планска документација. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, за просторно и урбанистичко планирање со донесување на Детален урбанистички план | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да Површината на планскиот опфат изнесу 0.55 ха | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Основна цел на Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино е да се создадат услови за планирање на организирани простори, кои ќе може да се интегрираат во изградената структура и создавање на услови за побрза реализација на планското решение како основа за исполнување на потребите на корисниците на овој простор, како и усогласување со ГУП за град Неготино и одредбите зададени со актуелната законска и подзаконска регулатива.Целта на урбанистичките планови е да се создадат решенија кои ќе бидат усогласени со теренските услови, моменталните потреби за подобар и пофункционален просторен развој, а кои ќе може да се вметнат во изградената структура и ке овозможат брза и лесна реализација.Со планот се планираат намени кои се во согласност со важечката планска документација од повисоко ниво, тековните измени за истата и постојната состојба. Како главна намена во рамки на планскиот опфат се јавува основната класа на намени А1 - Домување во станбени куќи. Притоа, се поставува потребата од дефинирање рационална | | | |

| |
|---|
| сообраќајна инфраструктура и улична мрежа, која ќе обезбеди соодветно поврзување на инфраструктурниот систем во рамките на планскиот опфат и надвор од него, без да се наруши урбаното ткаење и квалитетот на живеење во овој дел од градот. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5г. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5г. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Опфатот кој е предмет на Деталниот урбанистички план, зафаќа површина од 0.55ха и неговата конкретна местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:<br>-Од Север: започнува во точка 1 и се движи преку ул. „29-ти Ноември" и по оска на пристапна улица (планирани со ДУП Урбана единица 1, Општина Неготино, плански период 2010-2015), сè до точка 3;<br>- Од Југоисток: започнува во точка 3 и се движи по оска на ул. "Маршал Тито", (планирана со ГУП за град Неготино, 2016 - 2026 год),сè до точка 5;<br>- Од Југозапад: започнува во точка 5 и се движи по оска на ул. "Новопланирана 1" (планирана со ДУП Урбана единица 1, Општина Неготино, плански период 2010-2015), сè до точка 6;<br>- Од Северозапад: започнува во точка 6 и се движи по оска на ул"Новопланирана 1" (планирана со ДУП Урбана единица 1, Општина Неготино, плански период 2010-2015), сè до почетна точка 1. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино, се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба на објекти, со мал интензитет заради природата на дејностите кои се одвиваат во нив. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на проектни содржини - домување и инфраструктура не спаѓаат во група на директни загадувачи на животната средина , животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Од овој урбанистички план не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Во планскиот опфат се предвидени објекти , за кој што не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, а на третираниот плански опфат опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари со планираните урбанистички решенија во плански опфат и превидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат за кој се изработува Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино, е со површина 0,55ха , припаѓа на територијата на Општина Неготино сместен во источниот дел на град. Локалитетот преставува изградена структура и се наоѓа на околу 950м од најдалечната точка до централното градско јадро. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |

| | |
|---|---|
| Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација и комплетна уреденост на просторот . | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Констатирано е дека во рамки на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат.Во рамките на планскиот опфат не се изведуваат активности кои предизвикуваат надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Со Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино предвидени се следните групи на класи на намени и класи на намени: А – ДОМУВАЊЕ А1 - Домување во станбени куќи Е – ИНФРАСТРУКТУРА Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури - сообраќајни површини со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25) |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планското решение е поставено врз основа на анализата на просторот и одобрената Планска програма. Планското решение е во директна зависност од големината на планскиот опфат, природните фактори, конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планското решение е условено и со мерките за заштита.<br>Со Деталниот урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот | |

| |
|---|
| опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат.<br>Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Во зоната се потврдуваат постоечките објекти на комунална супраструктура .Во дефинирање на просторната организација на планот дефинирано е сообраќајна мрежа, потребите за енергија, водоснабдување, одведување на урбани отпадни води преку почитување на законската регулатива.Во рамките на просторната организација на планот, изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштитата на животната средина,техничките прописи во градежништвото.Активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ се совпаѓа со постојната активност на планирниот простор и се смета дека нема да предизвика додатни влијанија врз животната средина. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одрживиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одрживоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот,инфраструктурна доопременост, а со негово имплементирање не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Не се очекуваат значајни еколошки проблеми . Во близина на планскиот опфат нема површински водотеци па затоа директната емисија на отпадни води кој можат да се јават при изведување на градежните активности, нема значително да влијае.Загадувањето на воздухот е ниско на овој простор ,според Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух .При планирањето на просторот предвидено е континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии и да се детектираат изворите на загадување.При вршењето на предвидените активности , а и потоа ќе се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина од бучава.По завршување на активностите на терен, ќе се постапи Согласно Законот за управување |

| |
|---|
| со отпад. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино произлегува од ГУП за град Неготино, 2016 - 2026 год, Одлука бр. 08-562/3 од 06.11.2020 .Констатирана е потреба од промена во дел од Блок 1, согласно можностите за развој и реализација на просторот, а кои се во согласност со постојната структура на теренот и моменталните потреби за подобар и пофункционален просторен развој, што претставува основата за изработка на Детален урбанистички план за Урбана единица 1, дел од Урбан Блок 1 (помеѓу улици Маршал Тито, 29ти Ноември и Новопланирана 1), Општина Неготино, како и промена во однос на усогласување на дел од УБ 1 со ГУП за град Неготино, односно: Просторот на планскиот опфатот кој е опфатен со ДУП Урбана единица 1, Општина Неготино, плански период 2010-2015 (Одлука бр.07-285/4 од 07.06.2012 г.), потребно е да се усогласи со ГУП за град Неготино, 2016 - 2026 год, Одлука бр. 08-562/3 од 06.11.2020 година и новата законска и позаконска регулатива.Исто така има потреба од препарцелација на градежна парцела ГП 3 од ДУП Урбана единица 1, Општина Неготино, плански период 2010-2015 (Одлука бр.07-285/4 од 07.06.2012 г.), со планирање на нова површина за градба, согласно можностите за развој и реализација на просторот, а кои се во согласност со постојната структура на теренот и моменталните потреби за подобар и пофункционален просторен развој. Планската документација е изработена според Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број (32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15),урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20,219/21,104/22,99/23) како и другата релевантна законска и подзаконска регулатива. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на |

| | |
|---|---|
| постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијанијата. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презимеи потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина<br>Марија Нацева |
| Датум 10.02.2026<br>Место Неготино | М.П. |